







**БРОЈНОСТ НА МРШОЈАДЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2010 ГОДИНА**

Белоглав мршојадец – 19-21 двојка, во колониите во Мариово, Демиркаписката Клисура и на Тиквешкото Езеро.

Египетски мршојадец – 25 (26-28) двојки, главно во централните и јужните делови на Македонија.

Брадест мршојадец – исчезнат вид, не гнезди од 1985 година. Последен пат набљудуван во 2004 година.

Црн мршојадец – исчезнат вид, не гнезди од 1980-тите години. Последен пат

набљудуван во 2005 година.

**ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА НА МРШОЈАДЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

Сите активности за заштита на мршојадците во Македонија се одвиваат во рамките на Акциониот план за закрепнување и заштита на мршојадците на Балканскиот Полуостров и соседните подрачја (www.balkanvultures.net), во кој Македонското еколошко друштво се вклучи во 2002 година.

Иако технички активностите се одвиваат низ повеќе подпроекти (листата и финансиерите се дадени понатаму во текстот), активностите може да се групираат во неколку категории:

1. Мониторинг и истражување

2. Прихрана

3. Едукација

4. Кампања против употребата на отровите

**Проект за заштита на мршојадците на Матка**

Проектот е финансиран од Фондацијата за заштита на црниот мршојадец ( www.bvcf.org )
и Франкфуртското зоолошко друштво ( www.zgf.de ).

Историски, во клисурата Матка се регистрирани сите четири видови мршојадци, од кои белоглавиот, црниот и египетскиот мршојадец биле обични видови кои тука и гнезделе. Во 20 век е забележан силен пад на популацијата на мршојадците, исчезнување на

брадестиот и црниот мршојадец и драстичен пад на гнездечките двојки од египетскиот и белоглавиот мршојадец. Меѓу најзначајните закани за мршојадците на Матка се убивањето и труењето. Труењето предизвика пад на популацијата од осум на три-четири двојки во 1992 година. Популацијата опадна и понатаму, и од 1996 година беше присутен само еден пар на белоглави мршојадци, кој исчезна во 2006 година. Популацијата на египетскиот мршојадец е исто така многу мала, во клисурата гнезди само еден пар. Вознемирувањето, уништување на живеалиштата и недостатокот на храна се уште претставуваат сериозни закани за последните парови мршојадци на Матка.

Клисурата Матка нуди одлични можности за спроведување на проекти за надополнување на популацијата на мршојадците или нивна реинтродукција, а близината до Скопје нуди можност за развој на еко-туризмот.

Цели и задачи на проектот

Долгорочната цел на проектот е зголемување на бројноста на колониите на белоглавиот и египетскиот мршојадец на Матка на стабилен број парови (8-10 двојки белоглав мршојадец и уште неколку двојки египетски мршојадци) и намалување на заканите.

**Проект за египетскиот мршојадец во Македонија**

Проектот е финансиран од Фондацијата за заштита на црниот мршојадец ( www.bvcf.org )
и Франкфуртското зоолошко друштво (
 www.zgf.de
).

Популацијата на египетскиот мршојадец во Европа во последнава декада бележи силен пад и се проценува на 3500-5600 гнездечки двојки. Таа опаѓа во сите европски држави, освен во Франција. Вкупниот тренд на популацијата е во сериозно опаѓање (>50%) низ послдните три генерации. Затоа, од 2007 година видот се смета за глобално загрозен (I UCN , www . redlist . org ).

Овој тренд на опаѓање е сличен и кај балканските држави. Видот е исчезнат од Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора. Најголеми закани за овие птици на Балканот се труењето и убивањето, но и вознемирувањето, ограбувањето на гнезда, уништување на живеалиштата и намаленото количество на достопна храна.

*Цели и задачи на проектот*

Долгорочна цел на проектот е зголемување на бројот на парови на египетскиот мршојадец во Македонија и создавање на услови за долгорочен опстанок на популацијата.

**Проект: Зајакнување на националните капацитети за заштита на мршојадците во МакедонијА**

Проектот е финансиран од Европската Комисија ( http://ec.europa.eu ) и Фондацијата за заштита на црниот мршојадец

(
www.bvcf.org
).

Главната цел на проектот беше зајакнување на партнерството и интензивирање на активностите за заштита на мршојадците во Македонија.

Основната цел на проектот беше запознавање на надлежните инспекторати со сериозноста на проблемот на нелегално користење на отрови во природата и несаканите штети врз популациите на мршојадните птици, и презентирање на конкретните активности на инспекторите од Шпанија за решавање на проблемот со нелегалната употреба на отровите во природата.

Со цел успешна презентација на проектот пред јавноста беше реализирана прес-конференција во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање, на која присуствуваа Министерот за животна средина и просторно планирање д-р Зоран Шапуриќ, амбасадорот на Европската Комисија во Македонија г-нот Ерван Фуере, директорот на Службата за животна средина г-ѓа Пандорка Никушева, инспектор од Министерството за животна средина на Балеарските Острови – Шпанија г-дин Андреу Мунтанер, членови на Македонското еколошко друштво, како и претставници од некои телевизиски и печатени медиуми.

Во рамките на проектот беа реализирани четири работилници (одржани во Прилеп и во Штип) на кои зедоа учество околу 100 учесници, меѓу кои инспектори за животна средина, инспектори за шумарство и ловство, инспектори од МВР, ветеринарни инспектори, ловочувари, ловци, сточари и др.

На работилниците беше дискутирано за постапката на надлежните служби во случај на регистрирање на нелегална употреба на отровни материи, и меѓународното искуство на ова поле.

Во рамките на проектот беше испечатен и леток „Отровот не ги бира жртвите“.

**Проект: Египетскиот мршојадец на Балканскиот полуостров**

Проектот е финансиран од Фондацијата за заштита на црниот мршојадец ( www.bvcf.org )
и Франкфуртското зоолошко друштво ( www.zgf.de ).



**Проект: Заштита на мршојадците во демиркаписката клисура**

Проектот е финансиран од LUSH Ltd. ( www.lush.co.uk ) и BirdLife International ( www.birdlife.org ).

**Проект: ВОЛЦИТЕ, ЛУЃЕТО И НИВНИОТ СТОЧЕН ФОНД ВО МИРНА КОЕГЗИСТЕНЦИЈА**

Проектот е финансиран од Фондот за дивата флора и фауна – Бугарија ( www . fwff . org ) и Whitley Fund for Nature

(
www
.
whitleyaward
.
org
).

**Партнери во проектот за заштита на мршојадците во Македонија**

Фондот за заштита на дивата флора и фауна од Кавадарци интензивно работи на заштита на мршојадците во регионот на Кавадарци (Тиквеш), Демир Капија, Мариово и Овче Поле.

БИОЕКО подготви две дополнителни студии, за историската распространетост на мршојадците и за ловечките активности во Македонија.

Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија (
www.moepp.gov.mk
) обезбеди законска поддршка и се грижи за имплементација на сите акти и усогласување на заштитата на мршојадците со националната легислатива.

**Партнери во Акциониот план за закрепнување и заштита на мршојадците на Балканскиот Полуостров и соседните подрачја**

Франкфуртско зоолошко друштво (ZGF) ( www.zgf.de ).

Фондација за заштита на црниот мршојадец (BVCF) ( www.bvcf.org ).

Фондација за заштита на брадестиот мршојадец (FCBV).

( www.wild.unizh.ch/bg/index.htm , www.gypaete-barbu.com/Asters/gb/signe1.html ).

BirdLife International ( www.birdlife.org ).

Кралско друштво за заштита на птиците (RSPB) ( www.rspb.org.uk ).

Лига за заштита на птиците (LPO) ( www.lpo.fr ).

**ПРИДРУЖИ СЕ!**

За успешна реализација на долгорочните цели на МЕД му е потребна подршка од голем број на волонтери и ентузијасти. Доколку сте заинтересирани за активностите за заштита на мршојадците и сметате дека можете да помогнете околу реализација на некоја од целите, придружете ни се!

Проектот за заштита на мршојадците во Македонија нуди можност за стекнување на

искуство во изготвување на предлог-проекти, теренски истражувања, прибирање податоци и нивна обработка, мапирање и стекнување на вештини во комуникација и раководење.

Имате можност да се придружите во теренските истражувања, мониторингот, дополнителната прихрана, курсеви за едукација, или асистирање во менаџирање на проектите.
Проектот нуди единствена можност за запознавање на природното и културно богатство на Македонија.

*Придружи се!* ( vultures@mes.org.mk )

**ПОДДРЖИ ГИ НАШИТЕ АКТИВНОСТИ!**

Проектот за заштита на мршојадците во Македонија е долгорочна и скапа иницијатива. Нашите активности можат да бидат подржани на различен начин, од финансирање до матерјална или логистичка подршка.

Во случај да сакате да дадете подршка на нашите активности, тимот на проектот ќе разгледа и реши каде е најефективно да се вклучите ( vultures@mes.org.mk ).